ЗАПИСНИК
од 11-та седница на Советот на Општина Новаци, одржана на ден 30.04.2026 година, со почеток во 11:00 часот во просториите на општинската зграда во Новаци

На седницата присуствуваа советниците: Илче Трајковски, Горан Велјановски, Весна Котевска, Иванчо Петковски, Македонка Соклевска, Ропче Ангелковски, Иванчо Котевски и Васко Секуловски.

Од општинската администрација присутни беа: Стевче Стевановски-Градоначалник на Општина Новаци, Анета Киселоска-Раководител на Одделение за правни, општи и јавни дејности, Петар Велјановски-Соработник и Оливера Димитровска-Раководител на одделение за финансиски прашања.

Претседателот на Советот Илче Трајковски ја отвори седницата, ги поздрави советниците и го предложи следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1.Разгледување и усвојување на Записникот од 9-та седница на Совет на Општина Новаци;
2.Разгледување и усвојување на Записникот од 10-та седница на Совет на Општина Новаци;
3.Разгледување и усвојување на квартален извештај за Општина Новаци за квартал од 01.01.2026 – 31.03.2026 год;
4.Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за период од 01.01.2026-31.03.2026 год;
5.Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на МЈП ПЕЛАЛИНК- Битола за период од 01.01.2026-31.03.2026 год;
6.Разгледување на Барање од МЈП "ПЕЛАЛИНК"- Битола за усвојување на линеарно зголемување на платите;
7.Разгледување на Предлог измена и дополнување на Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица;
8.Разгледување и донесување на Одлука за Измена и дополнување на Одлуката за формирање на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;
9.Разгледување на Барање за финансиска помош од Елизабета Јончиќ од с.Новаци за печатење и промоција на универзитетски учебник;
10.Разгледување на Барање од Црковен одбор при црква Св.Ѓорѓи од с.Гермијан за одобрување на градежни материјали;
11.Разгледување на Барање од Црковен одбор при црква Св.Ѓорѓи од с.Ивањевци за донација на парични средства или градежен материјал;
12.Разгледување на Барање од Црковен одбор при црква Св.Илија од с.Градешница за одобрување на градежни материјали;

13.Разгледување на предлог за определување на надоместок за учество во работата на членовите во УО и НО на јавни установи формирани од Општина Новаци;
14.Разгледување на Барања за еднократна парична помош;
15. Советнички прашања.

Пред да се разгледа Дневниот ред од 11-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателот предложи Дневниот ред да се измени и дополни со нови 3 (три) точки, како точки број 15, број 16 и број 17 и тоа:

-Разгледување и донесување на Годишен план за вработување на ООУ Славко Лумбарковски-Новаци за 2027 година како нова точка број 15.

-Разгледување и усвојување на Завршна сметка на ООУ "Славко Лумбарковски"-Новаци за 2025 година како нова точка број 16.

-Разгледување на Барање од одборот на манастир Св.Архангел Гаврил од с.Тепавци за одобрување на градежен материјал.

Точката број 15 Советнички прашања, да биде точка број 18.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа ЗА** го усвои предлогот за изменувањето и дополнувањето на Дневниот ред, така што Дневниот ред на 11-та седница на Советот на Општина Новаци, брои 18 (осумнаесет) точки.

Вака предложениот Дневен ред со измените и дополнувањата, советниците го усвоија со **8 гласа ЗА.**

Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 9-та седница на Совет на Општина Новаци.

Во записникот Македонка Соклевска даде забелешка дека точка број 1 од дневниот ред во записникот се разликува од точка број 1 во Решението за свикување на седница на Совет, односно покрај Усвојување на Годишен извештај за работењето на Општина Новаци за 225 година додадено е и Завршна сметка на Општина Новаци за 2025 година.

Анета Киселоска-Раководител на Одделение за правни, општи и јавни дејности даде појаснување по однос на забелешката: точно е дека точката во Решението за свикување на седница на Совет гласеше: Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работењето на Општина Новаци за 2025 година, очигледно направен е технички пропуст во иработката на записникот од причина што материјалите од Извештајот за работењето на Општината и Завршната сметка беа доставени на разгледување на сите советници и истите беа образложени и на Седницата на Советот од страна на Раководителот на одделението за финансии, Оливера Димитровска, по што се гласаше заедно и за Извештајот и Завршната сметка на Општината.

По разгледувањето на Записникот од 9-та Седница, со исправка на грешката забележана погоре, записникот беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **6 гласа ЗА и 2 воздржани.**

Точка 2. Разгледување и усвојување на Записникот од 10-та седница на Совет на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 8-ма Седница беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **8 гласа ЗА**.

Точка 3. Разгледување и усвојување на квартален извештај за Општина Новаци за квартал од 01.01.2026 – 31.03.2026 год;

Оливера Димитровска-Раководител на одделение за финансиски прашања го образложи кварталниот извештај за Општина Новаци за период од 01.01.2026 – 31.03.2026 година истакнувајќи дека планираниот вкупен буџет е со износ од 230.980.080 денари и за овој период има реализација од околу 23%.Основниот буџет е со реализација од околу 23,1%.Вкупните доспеани обврски за овој период се во износ од 34.719.824 милиони денари.

Обврските по основ на кредит се измерени во законски предвидениот рок со износ од 848.144 денари и камата во износ од 170.145 денари.За реализација на трансферите за социјалните случаеви ќе се направи пренамена или ребаланс на Буџетот во наредeн период.

По образложувањето, Претседателот ја стави точката на гласање и истата беше усвоена **со 8 гласа ЗА**.

Точка 4. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за период од 01.01.2026-31.03.2026 год;

По однос на оваа точка, раководителот на одделението за финансии, Оливера Димитровска истакна дека оваа Одлука произлегува од кварталниот извештај и е потребно одделно да се донесе.

По образложувањето, Претседателот ја стави точката на гласање и истата беше усвоена **со 8 гласа ЗА**.

Точка 5. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за работењето на МЈП ПЕЛАЛИНК- Битола за период од 01.01.2026-31.03.2026 год;

Претседателот Илче Трајковски го образложи финансискиот извештај за работењето на МЈП ПЕЛАЛИНК- Битола за период од 01.01.2026-31.03.2026 год истакнувајќи дека остварениот приход од 01.01.2026-31.03.2026 год изнесува 1.237.369 денари а приходот од субвенционирање изнесува 200.000 денари.Вкупните приходи се 1.437.369 денари а вкупните расходи за посочениот период изнесуваат 2.807.531 денари, така што претпријатието бележи загуба од 1.370.162 денари.

Советникот Македонка Соклеска праша зошто за само 3 месеци после презентирањето на завршната сметка на претпријатието кое бележеше добивка, истото сега е во загуба.

Раководителот на Одделението за правни, општи и јавни дејности, Анета Киселоска истакна дека загубите се резултат на тоа што дел од средствата на

Општините кои го формираа ова заедничко претпријатие не се реализирани како обврски кон претпријатието во периодот од 01.01.2026-31.03.2026 год.

По образложувањето, Претседателот ја стави точката на гласање и истата беше усвоена со **6 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАНО.**

Точка 6. Разгледување на Барање од МЈП "ПЕЛАЛИНК"- Битола за усвојување на линеарно зголемување на платите;

Претседателот Илче Трајковски го прочита барањето од МЈП "ПЕЛАЛИНК"- Битола кое се однесува за давање согласност од страна на Општина Новаци како основач, за законското линеарно зголемување на платите на вработените во претпријатието во нето-износ од 1.667 денари.

По образложувањето, Претседателот ја стави точката на гласање и истата беше усвоена **со 8 гласа ЗА**.

Точка 7. Разгледување на Предлог измена и дополнување на Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица;

Пред да се разгледа 7-та точка од Дневниот ред, на седницата пристигна советникот Игор Марковски кој претходно отсуствуваше.

По однос на 7-та точка, Претседателот Илче Трајковски го презентираше предлог Правилникот за условите, критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица со измените и дополнувањата. Ги повика советниците со свои предлози заеднички да придонесат за измена и дополнување на Правилникот со кои ќе се ограничат износите и ќе се дефинират членовите по кои критериуми ќе се доделуваат паричните средства и за кои категории на граѓани.

Претседателот на Советот даде предлог, Правилникот со сите измени и дополнувања да се разгледа и да се усвои на наредна седница на Совет.

Точката со предлогот беше ставен на гласање и истата беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 8. Разгледување и донесување на Одлука за Измена и дополнување на Одлуката за формирање на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;

Претседателот Илче Трајковски ја образложи точката која се однесува на измена и дополнување на претходно донесената Одлука за формирање на Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, во која потребно е да се изврши измена и дополнување на нови членови на кои им престанала функцијата на извршување.

По образложувањето, Претседателот ја стави точката на гласање и истата беше усвоена **со 7 гласа ЗА** и **2 гласа ВОЗДРЖАНИ.**

Точка 9. Разгледување на Барање за финансиска помош од Елизабета Јончиќ од с.Новаци за печатење и промоција на универзитетски учебник;

Претседателот Илче Трајковски го прочита барањето и предложи доделување на финансиски средства во висина од 15.000 денари на Елизабета Јончиќ за печатење и промоција на нејзиниот учебник.

Точката со предлогот беше ставен на гласање и истата беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 10. Разгледување на Барање од Црковен одбор при црква Св.Ѓорѓи од с.Гермијан за одобрување на градежни материјали.

Претседателот Илче Трајковски го прочита барањето и предложи доделување на финансиски средства во градежни материјали од тендерот за градежни материјали во рамки на можностите на Општината но не повеќе од 60.000 денари.

По образложувањето, Претседателот ја стави точаката на гласање и истата беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 11. Разгледување на Барање од Црковен одбор при црква Св.Ѓорѓи од с.Иванѣевци за донација на парични средства или градежен материјал;

По однос на оваа точка Претседателот на Совет предложи Барањето да се проследи до Градоначалник за понатамошно одлучување.

Точката со предлогот беше ставен на гласање и истата беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 12. Разгледување на Барање од Црковен одбор при црква Св.Илија од с.Градешница за одобрување на градежни материјали;

Претседателот Илче Трајковски го прочита Барањето и предложи одобрување на градежен материјал и тоа : 60 вреќи цемент, 40 м3 песок и 40 вреќи бар, за реконструкција на црквата Св.Илија во с.Градешница.

Точката со предлогот беше ставен на гласање и истата беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 13. Разгледување на предлог за определување на надоместок за учество во работата на членовите во Управен и Надзорен одбор на јавни установи формирани од Општина Новаци;

Претседателот на Советот, Илче Трајковски даде предлог да се определи надоместок на членовите во УО и НО во институциите формирани од Општина Новаци. По однос на овој предлог, Анета Киселоска-Раководител на Одделение за правни, општи и јавни дејности даде објаснување дека потребно е да се распише јавен оглас за избор на членови во УО и НО во ЈПКД “Комунална Хигиена” –Новаци и МЈП “ПЕЛАЛИНК”-Битола согласно закон, а за утврдување на висината на надоместокот за нивното учество во работата ќе се донесе посебна Одлука.

На членовите на УО и НО во детската градинка ЈОУДГ “БАМБИ”-Новаци согласно Законот за заштита на децата, може да им се исплати надоместок за присуство на седниците на УО и НО доколку основачот обезбеди средства во висина

која не надминува износ од 1.000 денари по седница, но не повеќе од 10.000 денари на годишно ниво.

Претседателот, Илче Трајковски предложи да се предвиди во Буџетот на Општина Новаци за 2027 година надоместокот на членовите на УО и НО во детската градинка, започнувајќи со исплата од Јануари 2027 година.

По образложувањето, Претседателот ја стави точката со предлогот на гласање и истата беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 14. Разгледување на Барања за еднократна парична помош;

Претседателот ги прочита сите **4 Барања за еднократна парична помош** од физички лица на предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош и Советот одлучуваше поединечно за секое Барање и тоа:

1.Рагледување на Барање за финансиска помош за лекување од Цане Деспотовски од с.Новаци како лице со здравствени проблеми.

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **со 9 гласа ЗА** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Цане Деспотовски од с.Новаци, во висина од 10.000 ден.

2.Разгледување на Барање за финансиска помош од Мери Стојановска од с.Новаци за лекување на нејзината ќерка Сара Стојановска како лице со посебни пореби.

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **со 9 гласа ЗА** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Мери Стојановска од с.Новаци, во висина од 20.000 ден.

3.Разгледување на Барање за финансиска помош од Трајана Стевановска од с.Далбеговци како лице со здравствени проблеми.

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **со 9 гласа ЗА** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Трајана Стевановска од с.Далбеговци, во висина од 20.000 ден.

4.Разгледување на Барање за финансиска помош од Светлана Милошевска од с.Новаци како лице со здравствени проблеми.

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **со 9 гласа ЗА** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Светлана Милошевска од с.Новаци, во висина од 5.000 ден.

Точка 15. Разгледување и донесување на Годишен план за вработување на ООУ Славко Лумбарковски-Новаци за 2027 година.

Претседателот Илче Трајковски го образложи Годишниот план за вработување на ООУ "Славко Лумбарковски"-Новаци за 2027 година.За во 2027 година планирано заминување на вработени во институцијата по основ на пензионирање предвидени се 3 лица.Исто така во 2027 година планирано е пополнување на работни места преку нови вработувања на неопределено време на јавен оглас на местото на претходно испразнатите работни позиции по основ на пензионирање.

По образложувањето, Претседателот ја стави точаката на гласање и истата беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 16. Разгледување и усвојување на Завршна сметка на ООУ "Славко Лумбарковски"-Новаци за 2025 година.

По однос на оваа точка, Претседателот Илче Трајковски и даде збор на Оливера Димитровска-Раководител на одделение за финансиски прашања да ја образложи точката.

Советникот Македонка Соклевска праша зошто завршната сметка на училиштето не е донесена во законски утврдениот рок иако уредно била донесена во архива уште во месец февруари.

Анета Киселовска –раководител даде одговор дека тоа е пропуст, иако била навремено донесена во архива, понатаму не била проследена за разгледување на седница на Совет.

Точка 17. Разгледување на Барање од одборот на манастир Св.Архангел Гаврил од с.Тепавци за одобрување на градежен материјал.

Претседателот Илче Трајковски го прочита барањето и предложи доделување на финансиски средства во градежни материјали од тендерот за градежни материјали во рамки на можностите на Општината но не повеќе од 60.000 денари.

По образложувањето, Претседателот ја стави точаката на гласање и истата беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 18. Советнички прашања.

По однос на оваа точка, Претседателот на Советот праша дали некој од советниците има советнички прашања. Советнички прашања немаше.

По исцрпувањето на Дневниот ред, Претседателот Илче Трајковски ја затвори седницата.

Седницата заврши во 13:30 часот.

Записничар
Петар Велјановски

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски